# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ЗА 2018 ГОДИНА

**Февруари 2019**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 01-246/1

**Датум:** 26.02.2019

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ЗА 2018 ГОДИНА

Со годишната програма за осигурување на квалитет на ревизиите спроведени согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, беа опфатени шест субјекта од различни дејности и од различни сектори и тоа:

1. **Ревизија на регуларност кај Царинска управа на РМ** – проверката е спроведена во период 12.03 – 30.04.2018 година од страна на Бранислав Гулев,
2. **Ревизија на усогласеност на јавните набавки кај Фонд за ПИОМ,** спроведена во период 12.03 – 30.04.2018 година, провереката е извршена од страна на м-р Љубица Тошевска,
3. Ревизија на регуларност кај **ЕЛС Карпош** спроведена во период 02.05 – 29.06.2018 година од страна на Бранислав Гулев и м-р Љубица Тошевска,
4. Ревизија на регуларност кај **ЕЛС Сарај** – проверена во период 03.09 – 31.10.2018 година од страна на Бранислав Гулев и м-р Љубица Тошевска,
5. Ревизија на регуларност кај **Управа за јавни приходи** – спроведена во период 01.11 – 31.12.2018 година од страна на Бранислав Гулев,
6. Ревизија на регуларност кај **ЈЗУ Стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон** – проверката е спроведена во период 01.11 – 31.12.2018 година од страна на м-р Љубица Тошевска,

При изборот на ревизии за проверка запазени се критериумите согласно Упатството за осигурување на квалитет на ревизиите.

Годишниот план за осигурување на квалитет на ревизиите за 2018 година е реализирана од тим во состав:

1. М-р Љубица Тошевска, раководител на ревизија и
2. Бранислав Гулев, раководител на ревизија.

**Контрола на ревизорските постапки**

Со извршените проверки на осигурување на квалитет кај **ревизиите на регуларност** планирани со годишниот план за 2018 година констатирано е дека во основа при спроведување на трите фази од ревизијата, **планирање, извршување и известување** се користат и применуваат техники и постапки кои се пропишани со ревизорската методологијата на ДЗР.

**Фаза извршување**

Во фазата извршување констатирани се следните позначајни состојби:

- Присутна е појава на прикачување на поголем број на работни документи во АМС – системот, со што е оптеретено електронското досие на ревизијата и ја намалува прегледноста за пребарување на значајните работни материјали и докази.

- Во текот на проверката констатирано е дека за одделни билансни позиции во АМС- системот не се прикачени детални тестови како основа за утврдување на состојбите и давање оценка.

- Присутна е појава да не се прават детални тестови за извршениот увид и проверка во неколку месечни исплатени плати на вработените, за да може да се потврди точноста на исплатата на истите.

- Кај еден субјект констатирани се исплатени се средства во износ од 1.239 илјади денари од ставката за резерви, по разни основи, за истите направени се детални тестирања, без да се даде заклучок во работната белешка кој би се квалификувал како наод и кој би бил дел од извешајот, во насока на тоа по кои критериуми се исплатени средствата од ставката резерви имајќи го во предвид Законот за буџетите.

Препораки:

- Во АМС системот да се прикачуваат само оние документи кои се доказ за констатираните состојби/неправилности, односно кои се однесуваат за позначајните и материјалните состојби.
- Освен аналитичките постапки и анализи ревизорите треба да изготвуваат работна белешка и да обезбедат доказ дека е извршено детално тестирање на трансакциите заради потврдување на состојбите.

**Фаза известување**

- Во делот на известување констатиравме дека одделни ревизорски тимови користат долги текстови при обелоденување на констатациите со голем број на податоци што предизвикува оптеретување при следење и читање на текстот.

- Присутна е појава во одредени наоди да се испуштаат критериумите (законски и подзаконски акти) врз основа на кои се мерени состојбите. Критериумот и констатираната состојба како елементи на наодот ја дефинираат разликата помеѓу констатираната состојба и каква би била доколку се почитувале и применувале критериумите.

- Во еден изолиран случај констатирано е не совпаѓање помеѓу издаденото ревизорско мислење и вкупниот ефект на констатираните состојби и наоди, спротивно на критериумите за креирање на ревизорско мислење.

**Препораки:**

- Потребни се специјализирани обуки на ревизорите за пишување на ревизорски извештаи, со цел зголемување на ревизорските вештини за пишување на кратки и јасни извештаи со сите елементи на наодот.

- Потребни се обуки и во делот на изработка на резимето на извештајот кое треба да биде значаен дел од истиот во кое ќе бидат обелоденети најзначајните констатации во кратка и јасна форма.

**Контрола на квалитет**

Контролите на квалитет кај ревизиите на регуларност се воспоставени во текот на ревизиите од страна на Помошникот на Главниот државен ревизор, Раководителот на

ревизијата  и Раководителот на тимот и истите функционираат во текот на целиот процес на ревизија.

**Нагласување на прашања од значење за ревизорската методологија на Државниот завод за ревизија**

1. Поради обемноста на документацијата која непотребно се создава во фазата на планирањето, да се преиспита можноста за изработка на еден **План на ревизија** за сите сметки, при што точките од 1.1. до 1.7 (запознавање со субјектот, специфични податоци, организациона поставеност, органи на управување, законбска рамка и интерни актри.) да бидат заеднички за сите сметки.

2. Во рамките на методологијата на Државниот завод за ревизија во примена се Ревизорски програми во кои се утврдени ревизорските чекори за сите билансни позиции и за признавање на приходите и расходите. Според содржината на ревизорските програми доминираат ревизорските чекори кои се однесуваат за сметководствениот систем што го применуваат јавните претпријатија, иако во Годишните програми за работа на Државниот завод за ревизија се помалку застапени. Подолго време се препорачува да се изготват поединечни сетови на ревизорски програми за:
    - Сметководствениот систем што го применуваат трговските друштва и јавните претпријатија, во кој приходите и расходите се признаваат на пресметковна основа (фактурирана реализација) и
    - Сметководствениот систем што го применуваат буџетските корисници и единиците на локалната самоуправа, во кој приходите и расходите се признаваат врз основа на приливи и одливи на паричните средствата на сметката.

3. Воспоставена е пракса во точката 6 која се однесува на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет да се внесува текст  за спроведени корективни книжења дадени од ДЗР. Имајќи ги во предвид Меѓународните стандарди за ревизија, во наведената точка не треба да се вклучат корекциите извршени во текот на ревизијата, особено што во точката 1.3. од ревизорскиот извештај, ревизорот се повикува дека финансиските извештаи се

рекласифицирани со спроведени корекции, а сите поединечни корекции се истакнати во поединечните билансни позиции во рамките на образложенијата.

4. Нагласен е проблемот од губењето на веќе изработените и објавени работни белешки на АМС системот на ДЗР за што се губи време за нивна повторна изработка.

5. Имајќи во предвид што ревизорите вршат проверка на пресметката на бруто плата кај различни категории на вработени (административни, јавни службеници, технички лица) потребно е да се изготват матрици (во excel) заради поедноставна проверка на пресметките од страна на помалку искусни ревизори.

6. Прашалниците за контролна средина и Прашалникот за контролни постапки кои се изработуваат во фазата на Планирање не содржат „Заклучок", па се поставува прашањето за целта и потребата од нивната изработка и трошењето на ревизор часови.

**Извештајот го составиле:**

1. Бранислав Гулев, Советник на ГДР ----------------------------------
2. м-р Љубица Тошевска, Раководител на ревизија ----------------------------------